16.00ч
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP
Примено / Pranuar: 26-04-2024
Орг.Единица / Nj.Organizative: 12 | Број / Numri: 1330/81 | Прилог / Shtojcë: | Вредност / Viera:

УРПЖ.бр.113/2024

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Виолета Илиевска - претседател на советот, Лидија Георгиевска и Рина Исени - членови на советот, со записничар Мартин Толев - помлад судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ Скопје, изјавена преку полномошник Жарко Хаџи Зафиров, Адвокат од Скопје и жалбите на Бесар Мемеди од Скопје, Арменд Ибраими од Скопје, Мухамед Муртезани од Скопје, Гордана Ангеловска од Скопје, Арзије Рамадани од Тетово, Илзана Османи од Тетово, Ернест Мемети од Тетово, Јетмир Ќамили од Тетово, Биљаљ Деари од Општина Боговиње, Абдулкерим Даути од Општина Боговиње, Ељтон Зеќири од Куманово, Маја Георгиева од Скопје, Ивана Ристиќ од Скопје, Бојана Бабановска од Куманово, Матеј Васовски од Скопје, Михаела Серафимовска Кулевски од Скопје, Дамјан Самарџиски од Скопје, Панда Петровска од Скопје, Ангела Павловска Стоименовска од Скопје, Берат Исмаили од Гостивар, Сузана Абдураими од Гостивар, Арлинда Фејза од Кичево, Милиат Јашари од Општина Врапчиште, Мерхата Мемеди Шатри од Гостивар, Валмира Даути Фетаји од Гостивар, Елези Хаџере од Гостивар, Зана Таири од Гостивар, Адељина Халили од Општина Врапчиште, Ариета Илази од Гостивар, Лирим Фејза од Кичево и Семира Шабани од Гостивар, изјавени против Пресудата на Управниот суд УРП.бр.81/2024 од 22.04.2024 година, за мирување на започнатата постапка за прием на слушатели во почетна обука до завршување на изборите, на седницата на советот одржана на ден 26.04.2024 година, донесе:

П Р Е С У Д А

I

Жалбата на тужителот Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд УРП.бр.81/2024 од 22.04.2024 година, СЕ ПОТВРДУВА.

Р Е Ш Е Н И Е

II

Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

III

Жалбите на Бесар Мемеди од Скопје, Арменд Ибраими од Скопје, Мухамед Муртезани од Скопје, Гордана Ангеловска од Скопје, Арзије Рамадани од Тетово, Илзана Османи од Тетово, Ернест Мемети од Тетово, Јетмир Ќамили од Тетово, Биљаљ Деари од Општина Боговиње, Абдулкерим Даути од Општина Боговиње, Ељтон Зеќири од Куманово, Маја Георгиева од Скопје, Ивана Ристиќ од Скопје, Бојана Бабановска од Куманово, Матеј Васовски од Скопје, Михаела Серафимовска

Кулевски од Скопје, Дамјан Самарџиски од Скопје, Панда Петровска од Скопје, Ангела Павловска Стоименовска од Скопје, Берат Исмаили од Гостивар, Сузана Абдураими од Гостивар, Арлинда Фејза од Кичево, Милиат Јашари од Општина Врапчиште, Мерхата Мемеди Шатри од Гостивар, Валмира Даути Фетаји од Гостивар, Елези Хаџере од Гостивар, Зана Таири од Гостивар, Адељина Халили од Општина Врапчиште, Ариета Илази од Гостивар, Лирим Фејза од Кичево и Семира Шабани од Гостивар, изјавена против Пресудата на Управниот суд УРП.бр.81/2024 од 22.04.2024 година, СЕ ОТФРЛААТ КАКО НЕДОЗВОЛЕНИ.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда УРП.бр.81/2024 од 22.04.2024 година, тужбата на тужителот Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" Скопје, изјавена против Одлуката бр.12-1330/56 од 20.04.2024 година на Државната Комисија за спречување на корупцијата ја одбил како неоснована. Со решение под ист број и датум барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, се одбива како неосновано.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" Скопје преку полномошник Жарко Хаџи-Зафиров, Адвокат од Скопје поради погрешно и нецелосно утврдено фактичка состојба, суштествени повреди на одредбите на постапката и погрешна примена на материјалното право, поради што на Вишиот управен суд му предлага првостепената пресуда да се преиначи на начин што ќе се уважи тужбеното барање, ќе се преиначи одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата и ќе се одбие приговорот на организаторот/ учесник на изборна кампања како неоснован.

Жалби против првостепената пресуда изјавија и лицата Бесар Мемеди од Скопје, Арменд Ибраими од Скопје, Мухамед Муртезани од Скопје, Гордана Ангеловска од Скопје, Арзије Рамадани од Тетово, Илзана Османи од Тетово, Ернест Мемети од Тетово, Јетмир Ќамили од Тетово, Биљаљ Деари од Општина Боговиње, Абдулкерим Даути од Општина Боговиње, Ељтон Зеќири од Куманово, Маја Георгиева од Скопје, Ивана Ристиќ од Скопје, Бојана Бабановска од Куманово, Матеј Васовски од Скопје, Михаела Серафимовска Кулевски од Скопје, Дамјан Самарџиски од Скопје, Панда Петровска од Скопје, Ангела Павловска Стоименовска од Скопје, Берат Исмаили од Гостивар, Сузана Абдураими од Гостивар, Арлинда Фејза од Кичево, Милиат Јашари од Општина Врапчиште, Мерхата Мемеди Шатри од Гостивар, Валмира Даути Фетаји од Гостивар, Елези Хаџере од Гостивар, Зана Таири од Гостивар, Адељина Халили од Општина Врапчиште, Ариета Илази од Гостивар, Лирим Фејза од Кичево и Семира Шабани од Гостивар поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог Вишиот управен суд да ги уважи жалбите, да ја укине пресудата на Управниот суд или истата да ја преиначи.

Одговори на жалбите достави тужениот орган со предлог жалбите на тужителот и на другите лица да се отфлат како недозволени или да се одбијат како неосновани, доколку судот оцени дека има основа за нивно натамошно постапување и одлучување.

Вишиот управен суд по проучување на списите на предметот, ценејќи ги наводите во изјавените жалби и одговори на жалбите, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 79 став 1 од Законот за управните спорови, најде:

Жалбата на тужителот Јавна установи Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ Скопје е неоснована.

Жалбите на Бесар Мемеди од Скопје, Арменд Ибраими од Скопје, Мухамед Муртезани од Скопје, Гордана Ангеловска од Скопје, Арзије Рамадани од Тетово, Илзана Османи од Тетово, Ернест Мемети од Тетово, Јетмир Ќамили од Тетово, Биљаљ Деари од Општина Боговиње, Абдулкерим Даути од Општина Боговиње, Ељтон Зеќири од Куманово, Маја Георгиева од Скопје, Ивана Ристиќ од Скопје, Бојана Бабановска од Куманово, Матеј Васовски од Скопје, Михаела Серафимовска Кулевски од Скопје, Дамјан Самарџиски од Скопје, Панда Петровска од Скопје, Ангела Павловска Стоименовска од Скопје, Берат Исмаили од Гостивар, Сузана Абдураими од Гостивар, Арлинда Фејза од Кичево, Милиат Јашари од Општина Врапчиште, Мерхата Мемеди Шатри од Гостивар, Валмира Даути Фетаји од Гостивар, Елези Хаџере од Гостивар, Зана Таири од Гостивар, Адељина Халили од Општина Врапчиште, Ариета Илази од Гостивар, Лирим Фејза од Кичево и Семира Шабани од Гостивар се недозволени.

Од списите на предметот видно е дека од организаторот на изборна кампања „За изборна кампања - Претседателски избори 2024 година - Гордана Сиљановска - Давкова, кандитат за претседател“, учесник во изборна кампања за Избор на Претседател на Република Северна Македонија 2024 година, застапувана од овластено лице Владимир Нелоски бил доставен Приговор заведен со архивски број 12-1330/1 од 05.04.2024 година против Јавната установа Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ од Скопје, врз основа на член 33, став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ“ бр.12/19), а поради „забрането постапување и прекршување на член 34, став 1, алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 3 и членот 2 став 1 точка 29 од Изборниот законик. Во Приговорот било укажано за постоење сомневање за сторени неправилности и прекршувања на цитираните законски одредби од страна на Академијата за судии и јавни обвинители, во делот на продолжување на постапката за вработување и прием на слушатели во текот на изборниот процес и склучување на договор за вработување.

Државната комисија за спречување корупција постапувајќи согласно член 33, став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси отворила постапка за утврдување на фактичката состојба и во рок од 24 часа од приемот на приговорот, со приложената документација од подносителот го доставила до Академијата за судии и јавни обвинители против која бил поднесен. Академијата за судии и јавни обвинители доставила произнесување на 08.04.2024 година, по што органот закажал седница на ден 10.04.2024 година на која биле присутни уредни повиканите и по одржаната јавна седница, на ден 11.04.2024 година донела Одлука бр.12-1330/15 со која го усвоила поднесениот приговор на организаторот/учесник во изборната кампања Гордана Сиљановска - Давкова, кандидат за претседател, поднесен врз основа на член 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, против Академијата за судии и јавни обвинители, а поради повреда на член 34, став 1, алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а, став 1, алинеја 3 од Изборниот законик, затоа што по распишување на Претседателските избори 2024

година, со Решение за распишување на Претседателските избори 2024 година број 09-1168/1 од 14.02.2024 година, продолжена е постапката за вработување и склучување на договор за вработување на кандидати со Академијата за судии и јавни обвинители. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Против оваа одлука Академијата поднела тужба до Управниот суд кој со Пресуда УРП.бр.76/2024 од 13.04.2024 година тужбата на тужителот ја уважил, Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.12-1330/15 од 11.04.2024 година ја поништил и предметот го вратил на повторно одлучување на тужениот орган со насоки во повторната постапка тужениот орган да ги има во предвид укажувањата на судот во однос на составот на тужениот орган, односно да одлучи по сите истакнати барања за изземање, како и законитоста на веќе изземените членови, па потоа да го утврди составот на Државната комисија за спречување на корупцијата како колективно тело за одлучување во повторната постапка по конкретен приговор, како и да направи компаративна анализа за правната состојба за која Комисијата дала Мислење во 2017 година со сегашната правна состојба во оспорената одлука, во ситуација кога и во 2017 година и сега е во фаза на постапката за прием на слушатели пред Академијата за судии и јавни обвинители, па потоа да утврди дали станува збор за иста или слична фактичка и правна состојба.

Постапувајќи по напатствијата на Управниот суд, тужениот орган на ден 15.04.2024 година го доставил приговорот повторно до тужителот на произнесување и донел одлуки членовите на комисијата Сервет Демири и Цвета Ристовска да ги изземе од понатамошно постапување, поради постоење на судир на интереси, додека пак членовите на комисијата Билјана Каракашова Шулев, Зоран Богоевски и Софија Спасова Медарска да не ги изземе од понатамошно постапување, бидејќи во нивното постапување во конкретниот предмет не постои судир на интереси. На ден 18.04.2024 година тужителот доставил изјаснување по однос на приговорот и Известување под арх.бр.03-160/11 од 18.04.2024 година кое изјаснување било доставено до подносителот на приговорот.

Тужениот орган врз основа на изјаснувањето на тужителот и со увид во целокупната документација во предметот ја утврдил фактичката состојба од која произлегувало дека во конкретниот случај станувало збор за постапка за вработување на слушатели на почетна обука, која била започната со Јавен оглас број 02-61/4 од 30.01.2023 година за прием на 130 слушатели на почетна обука за 2023 и 2024 година, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/2023. Огласот бил објавен со одлука на Управен одбор на тужителот донесена на 193-та седница одржана на 24.01.2023 година. По распишувањето на јавниот оглас следел период на застој на постапката, поради донесување на новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители во месец јуни 2023 година. Потоа во месеците октомври и ноември 2023 година била продолжена постапката и биле спроведени тест за познавање на странски јазици, психолошки тест и тест за интегритет, како дел од приемниот испит за почетна обука и уследил повторен застој, поради проблем во начинот на полагање на квалификацискиот тест. Во месец март 2024 година донесени биле Измени на Законот за академија за судии и јавни обвинители, а исто така била донесена и Одлука за дополнување на Статутот на академијата, поради услогласување со законските измени. Во моментот на донесување на Решението за распишување на Претседателските избори 2024 година (14.02.2024 година) не биле спроведувани дејства во однос на предметната постапка, а на седница одржана на ден 14.03.2024 година, Управниот одбор на Академијата, констатирал дека се

исполнети условите за полагање на квалификацискиот тест со хартиено тестирање, а резултатите од тестирање да се добијат со електронски читач, по што ја задолжил приемната комисија да одржи седница и да донесе временска динамика за спроведување на натамошниот дел од приемниот испит. Во оваа насока е постапено од страна на Комисијата и на ден 18.03.2024 година била усвоена временска динамика според која се извршило полагање на квалификацискиот испит за почетна обука во период од 01 до 04 април 2024 година. На ден 29.03.2024 година од страна на тужителот на неговата веб страна бил објавен распоред за полагање на квалификацискиот испит во период од 01 до 04. април 2024 година, како нареден чекор од приемниот испит за почетната обука. Полагањето на квалификацискиот испит било спроведено во периодот предвиден со временската динамика за спроведување на натамошниот дел од приемниот испит.

Тужениот орган согласно Законот за спречување корупција и судир на интереси закажал седница ден 19.04.2024 година на која ги повикал и биле присутни овластени претставници на подносителот на приговорот и Академијата за судии и јавни обвинители, кои го искористиле законското право на усно произнесување односно образложение. Врз основа на спроведените дејства и приложените докази, тужениот орган утврдил дека наводите за сомневање изложени во поднесениот приговор биле основани, поради тоа што со дејствијата превземени од тужителот по однос на пријавената постапка за вработување и склучување на договор за вработување на кандидати со Академијата, не биле испочитувани забраните утврдени во член 34, став 1, алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а, став 1, алинеја 3 од Изборниот законик, односно започнатата постапка не била ставена во мирување, имајќи предвид дека со стекнување статус на слушател на почетна обука во Академијата, слушателот заснова работен однос на определено време со Академијата за судии и јавни обвинители.

Во образложението на оваа одлука, тужениот орган навел дека цитираните законски одредби не прават исклучок за која било институција или друг орган во постапка за вработување започнати во изборен процес и истите треба да се стават во мирување. Во однос на насоките на Управниот суд во Пресудата УРП.бр.76/2024, за Мислењето на Комисијата донесена во 2017 година, утврдил дека е донесено врз сосема различен правен основ и различна фактичка и правна состојба од законскиот основ и правната ситуација содржана во предметната управна работа. Ова од причина што во 2017 година, процесот на селекција на слушатели за почетна обука од Академијата бил завршен и било потребно да се пристапи единствено кон склучување на договорите за вработување на определено време, а дополнително во 2017 година во месец февруари кога било дадено мислењето, парламентарните избори одржани на 12.12.2016 година биле завршени и пратениците и нивните мандати во тоа време биле потврдени од Државната изборна комисија. Исто така согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси кој бил во примена во 2017 година тужениот орган имал законско право и надлежност да дава мислење во однос на ваквите постапи, за разлика од законот кој што е во правна сила во моментов и е донесен во 2019 година. Дека постапката не била итна и неодложна зборувал фактот дека за истата се случиле дури три прекини на постапката и била во фаза на мирување во времето на донесување на решението за распишување на претседателските избори на 14.02.2024 година, а потоа истата продолжила на ден 14.03.2024 година. Во однос на барањето за сослушување на претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија и Советот на јавните обвинители на Република

Северна Македонија, за тоа што претставуваат итни и неодложни работи, тужениот орган, донел процесно решение со кое ваквиот предлог го одбил од причина што фактичката сотојба во конкретниот случај била јасна и целосна, а околноста на која иститe биле предложени не би придонеле до утврдување на поинаква фактичка сотојба во услови на постоење на доволен број материјални докази за предметната работа, ниту би придонело до поинаков став за тоа што претставуваат итни и неодложни работи, особено имајќи ги предвид трите прекини на постапката, кои настанале од објавување на огласот до моментот на постапување на тужениот орган по поднесениот приговор.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба тужениот орган ја донел сега оспорената Одлука бр.12-1330/56 од 20.04.2024 година со која во став 1 од диспозитивот, се усвојува Приговорот на организаторот/учесник на изборна кампања, заведен под архивски број 12-1330/1 од 05.04.2024 година, поднесен врз основа на член 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, против Јавната установа Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" Скопје, а поради повреда на член 34, став 1, алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а, став 1, алинеја 3 од Изборниот законик, затоа што по распишување на Претседателските избори 2024 година со Решение за распишување на Претседателските избори 2024 година број 09-1168/1 од 14.02.2024 година, продолжена е постапката за вработување и скпучување на договори за вработување на 130 слушатели во почетната обука за судии и јавни обвинители со Јавната установа за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" од Скопје. Во ставот 2 од диспозитивот, се задолжува Јавната установа Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" од Скопје, започнатата постапка за прием на сто и триесет слушатели во почетна обука објавена во јавен оглас на 30.01.2023 година, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.19/23, согласно член 8-а, став 1, алинеја 3, член 2 став 1 точка 29 од Изборниот законик, како и член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, да ја стави во мирување до завршување на изборите за избор на Претседател на Република Северна Македонија, пратеници во Собранието на Република Северна Македонија и изборот на Влада на Република Северна Македонија. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Постапувајќи по тужбата на тужителот Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" Скопје, изјавена против Одлуката бр.12-1330/56 од 20.04.2024 година на Државната комисија за спречување на корупцијата, Управниот суд донел Пресуда УРП.бр.81/2024 од 22.04.2024 година со која тужбата ја одбил како неоснована. Со решение под ист број и датум барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, се одбива како неосновано.

Вишиот управен суд цени дека обжалената пресуда на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно член 33, став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019), Државната комисија е надлежна да ја следи законитоста на користењето, односно располагањето со буџетските средства од денот на распишувањето до завршувањето на изборите. Согласно став 2 од истиот член, во случај на постоење на сомневање за прекршување на одредбите од Изборниот законик за забрана за употреба на буџетски средства, односно забранети дејствија на јавните институции од денот на распишување на изборите, како и прекршување на

одредбите од овој закон кои регулираат забрането постапување од моментот на донесување одлука за распишување на изборите, Државната комисија по сопствена иницијатива или по поднесен приговор од организаторот на изборна кампања, отвора постапка за утврдување на фактичката состојба. Според став 3, Државната комисија приговорот од ставот (1) на овој член го доставува до лицето против кого е поднесен во рок од 24 часа од приемот на приговорот. Лицето може да се изјасни за наводите во приговорот, во рок од три дена од денот на приемот на приговорот. Согласно ставот 4, Државната комисија е должна на јавна седница во рок не подолг од пет дена од денот на приемот на приговорот да ги испита наводите и да постапи по приговорот. Согласно ставот 5, Државната комисија одлучува по приговорите на јавна седница и е должна во рок од 24 часа од денот на закажаната јавна седница, одлуката да ја објави на својата веб страница. На јавната седницата се повикува и има право да присуствува подносителот на приговорот, како и овластен претставник на организаторот на кампањата против кого е поднесен приговорот. Согласно став 6, против одлуката од ставот (5) на овој член дозволена е тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од добивањето на одлуката. Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 48 часа од приемот на тужбата. Согласно ставот 7 од истиот член, доколку се утврди дека сомневањата од ставот 2 на овој член се основани, Државната комисија е должна да иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежните органи во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката.

Согласно член 34, став 1, алинеа 3 од истиот закон, од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не може: да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.

Согласно член 2, став 1, точка 29 од Изборен Законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06,136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 42/20, 74/21 и 215/21) „Случаи на итни и неодложни работи“ се вработувањата на определно време заради: замена на отсутен работник поради подолго боледување или отсуство, смрт на вработен, изведување сезонски работи за кои однапред е утврден потребниот број на лица и се обезбедени средства со годишните програми, како и вработување на определено време на наставен кадар за непречено одвивање на образовниот процес.

Согласно член 8-а, став 1, алинеја 3 од Изборниот законик, од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може: да се започне постапка за вработување на нови лица или

постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.

Согласно член 50, став 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.129/2023), со стекнување статусот на слушател на почетната обука во Академијата, слушателот заснова работен однос на определено време со Академијата за периодот на спроведување на почетната обука до избор за судија или јавен обвинител, за кој период важат општите прописи за работни односи, здравствено осигурување и овој закон. Согласно став 2, за време на траењето на работниот однос од ставот (1) на овој член, слушателот на почетната обука има право на плата на виш судски/јавнообвинителски советник во основен суд/основно јавно обвинителство и други надоместоци од плата согласно со закон. Согласно став 3, начинот на спроведувањето на почетната обука, како и правата и обврските на слушателите на почетната обука, се уредуваат со Статутот и со актите на Академијата. Согласно став 4, по положувањето на завршниот испит, кандидатите за судии и јавни обвинители остануваат со работен однос во Академијата, со до нивниот избор за судии, односно обвинители. За тоа време, кандидатите за судии и јавни обвинители се распоредуваат на работа во судовите односно јавните обвинителства, во координација со Судскиот совет и со Советот на јавни обвинители и врз база на специјализирана програма донесена од Академијата. Согласно став 5, доколку слушателот во текот на почетната обука се откаже, ја прекине обуката или неуспешно ја заврши, е должен да ги надомести трошоците и другите надоместоци за неговото обучување по утврдена пресметка на реални трошоци, согласно со подзаконски акт на Академијата. Според член 6, слушателот на почетната обука нема да ги надомести трошоците од ставот (5) на овој член доколку се откажал или ја прекинал обуката од здравствени причини, лични или на близок член на семејството со кое живее, коишто оневозможуваат посетување на обуката подолго од два месеца, што се докажува со лекарско уверение и друга соодветна документација.

Имајќи ги во предвид цитираните законски одредби, како и списите кон предметот, Вишиот управен суд најде дека Управниот суд правилно одлучил кога ја потврдил одлуката на тужениот орган. Имено, во конкретниот случај тужителот распишал Јавен оглас бр.02-61/4 од 30.01.2023 година за прием на 130 слушатели во почетна обука за 2023 година и 2024 година објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/2023. Наведената постапка во три наврати била во застој, која продолжил и во времето кога биле распишани и претседателските избори на ден 14.02.2024 година. Подоцна, на ден 14.03.2024 година, иако веќе биле распишани претседателските избори, тужителот констатирал дека се исполнети условите за полагање на квалификацискиот тест, по што донел одлука да ја продолжи претходно започнатата постапка. Во оваа смисла, Академијата на ден 29.03.2024 година на нејзината веб-страница објавила Распоред за полагање на квалификацискиот тест во периодот од 01 до 04 март 2024 година што укажува дека постапката за засновање работен однос е започната и истата не е ставена во мирување.

Од приложените докази и цитираните законски одредби, во случајов, Вишиот управен суд цени дека се работи за постапка за засновање работен однос на определено работно време, на што јасно упатува членот 50 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители. Наведенoво, произлегува и од приложениот примерок од Договорот за вработување на определено работно

време од 11.05.2022 година, меѓу договорните страни и тоа Академијата за судии и јавни обвинители и слушателот на почетна обука, според кој засновањето на работниот однос се врши на начин и под услови утврдени со Законот за Академија за судии и јавни обвинители, Законот за работните односи и општите акти на Академијата. Воедно, во договорот е регулирано и дека во случај на спор меѓу договорните страни при негова реализација, доколку истиот не би можел да се реши спогодбено, за негово решавање надлежен е Основниот граѓански суд во Скопје.

Во однос на Мислењето бр.12-637/2 од 24.02.2017 година на Државната комисија за спречување на корупција донесено по барање бр.04-42/4 од 21.02.2017 година на Академијата за судии и јавни обвинители за мислење за реализација на 37 вработувања, овој суд цени дека од страна на Управниот суд е правилно утврдено дека се работи за различна правна и фактичка состојба со оспорената предметна постапка по приговор. Имено, од барањето на Академијата од 2017година произлегува дека постапките по правните лекови биле завршени, со што постапката за прием била завршена со конечна ранг листа на слушатели со кои требало да се заснова работен однос од 01.03.2017година, односно формално да се склучат договорите за вработување. Од друга страна, во конкретниов случај, Јавниот оглас за прием на слушатели е објавен пред повеќе од една година, односно од 30.01.2023 година, постапката сеуште трае и во време на изборен процес се преземаат дејства за селекција на кандидати. Неспорно е дека постоеле застои, односно прекини во постапката, кои настанале во меѓувреме и предизвикале нејзино одолговлекување, но истите по својата природа, а особено по начинот на нивното надминување не се во прилог на карактерот на итност и неодложност на постапката. Фактот дека во дадениот период од 2017 година постоела итност и неопходност е содржан во образложениeто на барањето на Академијата, која укажала дека Академијата повеќе нема кадар што би можела да го понуди на правосудството, бидејќи дотогашните 93 кандидати за судии/јавни обвинители кои ја завршиле почетната обука се веќе избрани и именувани за судии и јавни обвинители.

Од друга страна, согласно Законот за спречување корупција и судир на интереси кој бил во примена во 2017 година Државната комисија за спречување на корупцијата имала законско право и надлежност да дава мислење по однос на ваквите постапки за разлика од Законот кој е во примена денес, донесен во 2019 година, според кој Државната комисија нема надлежност да дава вакво мислење. Наведеново дотолку повеќе што со Измените и дополнувањата на Изборниот законик објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, е дополнет членот 2, став 1, со точка 29 од законикот, според кои итни и неодложни работи се вработувањата на определено време заради: замена на отсутен работник поради подолго боледување или отсуство, смрт на вработен, изведување сезонски работи за кои однапред е утврден потребниот број на лица и се обезбедени средства со годишните програми, како и вработување на определедно време на наставен кадар за непречено одвивање на образовниот процес. Имено, со цитираната законска одредба децидно и конкретно се набројани случаите што се сметаат за итни и неодложни, а кои сосема јасно не го опфаќаат конкретниов случај по ниту една основа.

Во однос на изземањата на членовите на Комисијата и тоа за Сервет Демири и Цвета Ристовска, правилно одлучила Комисијата кога ги отфрлила како беспредметни, од причина што за истите на ден 15.04.2024 година веќе одлучила да ги изземе од постапување. За членовите Билјана Каракашова Шулев, Софија

Спасова Медарска и Зоран Богоевски одлучила да ги одбие како неосновани, по претходно спроведена постапка по барања за изземање со образложение дека не постојат законски причини за нивно изземање. Воедно, Вишиот управен суд го ценеше и фактот дека при одлучувањето на Комисијата еден од членовите имал издвоено мислење, но овој суд го имаше предвид и членот 22, став 7 од Законот за спречување корупција и судир на интереси, од кој произлегува дека одлуките на Комисијата мора да содржат образложение, но не и издвоено мислење во истото, во која смисла е постапено согласно законската регулатива. Според овој суд, правилно е прифатено од Управниот суд дека во текот на постапката пред тужениот орган целосно се исцрпени сите факти, докази и околности кои биле меродавни за утврдување на фактичката состојба, без да се наметне потреба од дополнително изведување на други докази, како и дека во однос на објективно и законито утврдена фактичка состојба правилно биле применети законските одредби.

Вишиот управен суд цени дека е основана одлуката на тужениот орган кој утврдил дека е потребно тужителот да ги почитува одредбите од член 34,став 1, алинеја 3 од Законот за спречување корупција и судир на интереси, како и одредбите од член 8-а, став 1, алинеаја 3 и член 2, став 1, точка 29 од Изборниот законик. Имено, цитираните законски одредби по својата содржина и цел, јасно и недвосмислено го уредуваат однесувањето и постапувањето на државните и јавни институции во делот на засновање или престанок на работен однос во периодот на изборната постапка на државно или локално ниво, како и обврската да се ставаат во мирување започнатите постапки, кои законски одредби неспорно и децидно се однесуваат за сите државни и јавни институции, вклучувајќи ја и Академијата за судии и јавни обвинители.

Вишиот управен суд ги имаше во предвид жалбените наводи на тужителот според кои погрешено и нецелосно е утврдена фактичката состојба, повредени се правилата на постапката и погрешно е применето материјалното право според кои Управниот суд не утврдил дека жалителот е дел од правосудството што значи дел од судската власт која е независна и не е предмет на уредување на Изборниот законик, дека приемниот испит самиот по себе не претставува вработување, туку квалитетна проверка на знаењата на кандидатите, постапката за прием на слушатели никогаш не била ставена во мирување, дека во случајов станува збор за некласичен и специфичен работен однос во целост различен од работниот однос кој го склучува вработен во стручната служба на Академијата, дека Управниот суд погрешно утврдил дека во конкретниот случај не е применливо Мислењето бр.04-42/4 од 21.02.2017 година на тогашната Државна комисија за спречување корупција, дека не се повикани претседателите на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во постапката пред Управниот суд со кои би се образложила итноста и неодложноста на потребата од одржување на приемниот испит, се занемарило и издвоеното мислење на еден од членовите на Државната комисија за спречување на корупција кое не е содржано во оспорената Одлука, потоа дека Државната комисија нема надлежност да го стави во мирување процесот на квалификациониот, односно примениот испит, како и законските рокови за постапување на Управниот суд содржани во Законот за спречување корупција и судир на интереси по однос на доставената тужба. Изложените жалбени наводи овој Суд ги оцени како неосновани, со оглед на погоре наведената утврдена фактичка состојба, изведени докази и цитирани законски одредби за кои е дадено детално образложение со цитирани докази и законски одредби.

Во однос на барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, Вишиот управен суд го одби како неосновано, согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови, според кој доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката.

Во однос на жалбите на Бесар Мемеди од Скопје, Арменд Ибраими од Скопје, Мухамед Муртезани од Скопје, Гордана Ангеловска од Скопје, Арзије Рамадани од Тетово, Илзана Османи од Тетово, Ернест Мемети од Тетово, Јетмир Ќамили од Тетово, Биљаљ Деари од општина Боговиње, Абдулкерим Даути од Општина Боговиње, Ељтон Зеќири од Куманово, Маја Георгиева од Скопје, Ивана Ристиќ од Скопје, Бојана Бабановска од Куманово, Матеј Васовски од Скопје, Михаела Серафимовска Кулевски од Скопје, Дамјан Самарџиски од Скопје, Панда Петровска од Скопје, Ангела Павловска Стоименовска од Скопје, Берат Исмаили од Гостивар, Сузана Абдураими од Гостивар, Арлинда Фејза од Кичево, Милиат Јашари од Општина Врапчиште, Мерхата Мемеди Шатри од Гостивар, Валмира Даути Фетаји од Гостивар, Елези Хаџере од Гостивар, Зана Таири од Гостивар, Адељина Халили од Општина Врапчиште, Ариета Илази од Гостивар, Лирим Фејза од Кичево и Семира Шабани од Гостивар , Вишиот управен суд најде дека се недозволени.

Согласно член 14, став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019) за прашања во постапката кои не се уредени со овој закон, соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка.

Според член 19 од законот, странки на управниот спор се тужител, тужен и заинтересирано лице.

Според член 23 став 1, заинтересирано лице е секое физичко или правно лице на кое поништувањето, укинувањето или изменувањето на оспорениот акт или дејствие му штети на некое негово право или правен интерес. Според став 2, се додека постапката во прв степен во управен спор не е завршена, судот по службена должност или по предлог на странките ќе го повика заинтересираното лице да се вклучи во постапката.

Согласно член 75 став 3 од истиот Закон, жалбата е недозволена ако ја изјавило лице кое не е овластено за поднесување на жалбата, или лице кое се одрекло или се откажало од жалбата или ако лицето кое ја изјавило жалбата нема правен интерес за поднесување на жалбата.

Согласно член 78 од Законот, второстепениот суд со решение ќе ја отфрли ненавремената, неуредната или недозволената жалба, ако тоа било пропуштено од Управниот суд.

Согласно член 74 од Законот за парничната постапка, во текот на целата постапка судот по службена должност ќе внимава дали лицето кое се јавува како странка може да биде странка во постапката и дали е парнично способно, дали парнично неспособната странка ја застапува нејзиниот законски застапник и дали законскиот застапник има посебно овластување кога е тоа потребно.

Вишиот управен суд во конкретниот случај утврди дека жалбите се изјавени од страна на Бесар Мемеди од Скопје, Арменд Ибраими од Скопје, Мухамед

Муртезани од Скопје, Гордана Ангеловска од Скопје, Арзије Рамадани од Тетово, Илзана Османи од Тетово, Ернест Мемети од Тетово, Јетмир Ќамили од Тетово, Биљаљ Деари од Општина Боговиње, Абдулкерим Даути од Општина Боговиње, Ељтон Зеќири од Куманово, Маја Георгиева од Скопје, Ивана Ристиќ од Скопје, Бојана Бабановска од Куманово, Матеј Васовски од Скопје, Михаела Серафимовска Кулевски од Скопје, Дамјан Самарџиски од Скопје, Панда Петровска од Скопје, Ангела Павловска Стоименовска од Скопје, Берат Исмаили од Гостивар, Сузана Абдураими од Гостивар, Арлинда Фејза од Кичево, Милиат Јашари од Општина Врапчиште, Мерхата Мемеди Шатри од Гостивар, Валмира Даути Фетаји од Гостивар, Елези Хаџере од Гостивар, Зана Таири од Гостивар, Адељина Халили од Општина Врапчиште, Ариета Илази од Гостивар, Лирим Фејза од Кичево и Семира Шабани од Гостивар, додека како тужител со посебна тужба пред Управен суд се јавила Јавната установа Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" од Скопје, но не и наведените лица поради што утврди дека жалбите се недозволени.

Имено, овој суд го имаше во предвид фактот дека горенаведените лица не учествувале во постапката по тужба ниту како тужители, ниту како тужени, ниту како заинтересирани лица, ниту пак такво својство може да им се даде во постапката по жалба. Ова од причина што согласно членот 19 од Законот за управни спорови сосема децидно е кажано кој може да добие својство на заинтересирано лице.

Вишиот управен суд имајќи го во предвид горе наведеното оцени дека во конкретниов случај наведените лица не можат да се прифатат како странки во постапката по жалба, односно дека жалбите се поднесени од неовластени лица, па оттаму се недозволени.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата и решението согласно член 78, член 80, став 1 и член 86, став 3 од Законот за управите спорови.

Одлучено во Виш управен суд на ден 26.04.2024 година под УРПЖ.бр.113/2024.

Записничар-помлад судски соработник
Мартин Толев с.р.

Претседател на совет-Судија
Виолета Илиевска с.р.

/РР